Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/2013 и 187/13, 42/14), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 19.03.2015 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За Проект за инфраструктура за поставување на електричен 10(20) kV вод за МХЕЦ Калин Камен 1, на КП 691, КОВаровиште и КП 1021 и КП 113, КО Б`с, Општина Крива Паланка, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.krivapalanka.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, Проектот за инфраструктура за поставување на електричен 10(20) kV вод за МХЕЦ калин Камен 1, на КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 113, КО Б`с, Општина Крива Паланка нема да има влијание врз животната средина бидејќи намената на просторот е комунална инфраструктура во област во која нема да има влијание врз животната средина и нема да биде загрозен биодиверзитетот и здравјето на луѓето;
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-892/1 од 19.03.2015
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл. Правник Арсенчо Алексовски